РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Бр. 02-381/7
30.01. 20 25 год.
ОХРИД

NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

Согласно член 21 од Статутот на НУ Охридско лето Охрид, Управниот одбор на седница одржана на ден 30.01.2025 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За изнајмување и давање на користење на сценски простор, објекти и инвентар сопственост на Национална Установа Охридско лето Охрид

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулираат начинот и условите за изнајмување и давање на користење на сценски простор, објекти и инвентар - сопственост на НУ Охридско лето Охрид на други физички или правни лица како и висината на надоместокот за нивно давање под наем и на користење

**Член 2**

НУ Охридско лето Охрид може да ги даде под наем и на користење следните сценски простори, објекти и инвентар:

- Долни Сарај - празен сценски простор;
- Долни Сарај - сценски простор со платформа за седишта и седишта;
- Долни Сарај - тераса;
- Унифициран репрезентативен монтажно-демонтажен објект (Плоштад Крушевска Република);
- Монтажен продажен пункт (Кеј Македонија);
- Клавир Steinway (црква Света Софија);
- Клавир Steinway (црква Света Софија);

**Член 3**

НУ Охридско лето Охрид може да ги даде под наем и на користење сценските простори, објектите и инвентарот за културни и други настани (концерти, претставии, фестивали, ревии, презентации, промоции, изложби, конгреси, конвенции), собири на здруженија на граѓани, фондации, политички партии, невладини организации, некомерцијални приредби од било кој жанр, спортски приредби и прогласувања, снимања на филмови, ТВ емисии, фото сесии, хуманитарни приредби и слично.

**Член 4**

Врз основа на барање за наем или користење на сценски простор, објект или инвентар, барателот во својство на корисник и Директорот на НУ Охридско лето Охрид согласно одредбите на оваа одлука склучуваат Договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски на двете договорни страни.

**Член 5**

Во договорот од член 3 задолжително се предвидуваат следните обврски на корисникот:

- да ги предаде назад на давателот просторот, објектот или инвентарот, во состојба идентична на онаа во која се наоѓале за време на превземањето.
- при користење на клавирите да обезбеди професионално лице за штимање пред и по користење на истите да не ги поместува од положбата во кои се наоѓаат
- во случај на штета да надомести 100% обештетување
- при користење на сценските простори на Долни Сарај да ги регулира обврските со ЗАМП, ЈП Охридски Комуналец и Црвен крст согласно законските обврски.

**Член 6**

За изнајмување и користење на просторот, објектите и инвентарот на НУ Охридско лето Охрид, се одредуваат следните надоместоци:

- изнајмување на Долни Сарај - празен сценски простор, **30.000 денари** дневно
- изнајмување на Долни Сарај – сценски простор со седишта, **40.000 денари** дневно
- користење на Долни Сарај – тераса, **9.000 денари** од час
- изнајмување на Унифициран репрезентативен монтажно-демонтажен објект (Плоштад Крушевска Република), **3.000 денари** дневно или **50.000 денари** месечно
- изнајмување на Монтажен продажен пункт (Кеј Македонија), **2.000 денари** дневно или **40.000 денари** месечно
- користење на Клавир Steinway (црква Свта Софија), **40.000 денари** по настан
- користење Клавир Steinway (центар за култура), **40.000 денари** по настан

**Член 7**

Издавање и користење на просторот, објектите и инвентарот, Директорот може да одобри без надомест исклучиво врз основа на писмено известување од страна на Министерството за култура и туризам, Владата на Република Северна Македонија како и за настани кои се од државен, национален, јавен интерес или настани од хуманитарен карактер.

**Член 8**

Со денот на донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 02- 341/50 од 25.06.2016 година.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на огласната табла на НУ Охридско лето Охрид.

**Управен одбор на НУ Охридско лето Охрид**

**Претседател,**

**Наташа Еленова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Охрид